Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна Јавна анкета и Јавна презентација по Детален урбанистички план за Градска Четврт ССИ 03, Блок 2 (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош, Скопје.

Јавната анкета по Деталниот урбанистички план за Градска Четврт ССИ 03, Блок 2 (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 28.04.2017 година до 12.05.2017 година, секој работен ден, од 08.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Јавната презентација по ДУП Градска Четврт ССИ 03, Блок 2 (Северен дел на Касарна Илинден). Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на ден 10.05.2017 год. во 13.00 часот, во Секторот за урбанизам (барака 2), Општина Карпош.

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за Градска Четврт ССИ 03, Блок 2 (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош, Скопје. е дефиниран со следните граници:

- *Север* – ул. "Босна и Херцеговина"
- *Југ*- Новопланирана улица С6
- *Запад* –Бул. "Никола Карев"
- *Исток*- Новопланирана улица С3.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Детален урбанистички план изнесува П= 34.44 ха.

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Соопштението за организирање на Јавната Презентација и Јавната анкета, Графичкиот приказ за Деталниот урбанистички план за Градска Четврт ССИ 03, Блок 2 (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош, Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

.